ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА
# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „СТРЕЖЕВО“ БИТОЛА

01 2021 09 02

**Скопје, октомври 2021**

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 28 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на успех | 29 |
| Биланс на состојба | 30 |
| Извештај за промените во главнината/капиталот | 31 |
| Извештај за паричниот тек | 32 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 33 - 37 |
| - Основни сметководствени политики | 37 - 41 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 41 - 51 |
| Прилози | |
| Прилог бр.1 - Преглед на добиени донации во опрема и материјали | |

Кратенки користени во извештајот:

АД – Акционерско друштво
В.Д. – Вршител на должност
ДДВ – Данок на додадена вредност
ЗЈВФК – Закон за јавна внатрешна финансиска контрола
ЗРО – Закон за работните односи
ЈП – Јавно претпријатие
МБП- Месечна бруто плата
МЖСПП – Министерство за животна средина и просторно планирање
МЗШВ– Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
МИОА – Министерство за информатичко општество и администрација
МК – Министерство за култура
МСФИ – Меѓународни стандарди за финансиско известување
МСС – Меѓународни сметководствени стандарди
МТВ – Министерство за транспорт и врски
МФ – Министерство за финансии
НКД – Национална класификација на дејностите
РСМ – Република Северна Македонија
УЈП – Управа за јавни приходи
ХЕЦ – Хидроелектрична централа

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:17-180/11
Дата: 26.10.2021 година

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие „Стрежево" Битола за 2020 година.

Со извршената ревизија за 2020 година изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на ЈП „Стрежево" Битола за 2004 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.
Од последната ревизија поминат е подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, поради што имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на проверка.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај ЈП „Стрежево" Битола за 2020 година констатирани се следните состојби:

- не е воспоставен целосен систем за контрола на начинот на кој корисниците ја трошат водата за наводнување на земјоделските површини, што влијае на висината на остварените приходи;
- не е воспоставена  единица за внатрешна ревизија која треба да придонесе за подобро управување со ризиците, контролата и управувањето;
- за дел од објектите кои се составен дел на системот на наводнување – мрежа, не е регулирана имотната сопственост;
- пописот на средствата и обврските на крајот на годината не е спроведен во целост и на начин уреден согласно Правилникот за вршење на попис;

- несоодветна примена на сметководствената политика за вреднување на залихите по просечни цени при нивното издавање што може да влијае врз финансискиот резултат од работењето;
- недостасуваат податоци за преземените мерки за наплата на спорните и сомнителни побарувања;
- за добиените донации во материјали и опрема не се склучени договори со што не се обезбедени информации за намената на донацијата во поддршка и унапредување на дејност од јавен интерес;
- утврдена е неусогласеност на податоците за основачкиот влог прикажани во сметководствената евиденција на ЈП со податоците од Централниот регистар на РСМ;
- утврдени се неправилности во начинот на пресметка на платата за административните службеници, како и отсуство на акт за прецизно регулирање на пресметката на плати за лица кои имаат статус на даватели на јавни услуги и вработени кои вршат технички и помошни работи;
- постојат слабости во начинот на контрола при остварувањето на приходи од наплата на надомест за испорачана количина на вода за индустриски потреби што може да има влијание врз вкупниот износ на остварените приходи и
- неупотребена проектна документација за санација на ерозивни промени на земјиштето околу главниот доводен канал.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки во извештајот.

Во делот каде ги нагласуваме прашањата од неизвесност и континуитет ги истакнуваме состојбите кои се однесуваат на :

- оптимално планирање на залихата од резервни делови за системот на наводнување – мрежа;
- остварените резултати од финансиското работење и утврдување на влијанието на трошокот на пресметаната амортизацијата поради која ЈП „Стрежево“ Битола во континуитет подолго време прикажува загуба;
- судска постапка која е во тек и се уште е неизвесно како ќе заврши;
- преиспитување на потребата од редефинирање на утврдените заштитни зони чија цел е заштита на квалитетот на водата;
- навремено одобрување на елаборатот за стабилност и функционалност на браната и
- информации кои се однесуваат на КОВИД програмата за поддршка на работењето на јавните комунални претпријатија.

Во делот останати прашања наведени се определени слабости кои не зависат од одлуките и активностите на ЈП „Стрежево“ Битола, а имаат влијание на неговото работење и потребни се законски и подзаконски измени за уредување на:

- височината на надоместокот за наводнување, основицата за пресметување на надоместоците за користење на водата за наводнување и производство на електрична енергија;
- постапката за јавно позитивно наддавање при продажбата на електричната енергија од страна на ЈП и
- височината на надоместокот на членовите на управните и надзорните одбори, односно платата на директорот и заменик на директорот.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 17-180/10 од 14.09.2021 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 30 до 33 заедно со ревизија на усогласеност на ЈП „Стрежево“ Битола кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември 2020 година, Биланс на успех, Извештај за промени во главнината/капиталот, Извештај за паричните текови за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа за 2021 година на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ЈП „Стрежево“ Битола за 2004 година и е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на ЈП „Стрежево“ Битола застапувано од:

- Методија Граматковски – директор од 05.08.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и расходите се остварени/користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки

вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и процената на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09.03.2021 година до 27.07.2021 година кај ЈП „Стрежево“ Битола од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на ЈП „Стрежево“ Битола за 2004 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.
Од последната ревизија поминат е подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, поради што имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беа предмет на проверка.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 27.07.2021 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 17-180/10 од 14.09.2021 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Ревизијата утврди слабости во контролните механизми над следењето на пријавените земјоделски парцели за наводнување, а со тоа и во целосноста на остварениот приход од наплата на надоместок за наводнување, што не во согласност со МСС 18 – Приходи - делот Давање на услуги.
Надоместокот за наводнување е составен од: годишен надоместок[1] и надоместок за испорачана количина на вода за површини кои се наводнуваат. Надоместокот за испорачана вода се наплаќа само од корисниците кои пријавуваат дека ќе користат вода за наводнување, додека годишниот надоместок е во фиксен износ и наплатата се врши еднаш годишно независно дали се пријавени количини за наводнување. Ограничената можност за контрола над наводнувањето на површините од страна на ЈП е поради:

[1] Годишниот надоместок е износ на трошоците за тековно годишно одржување на системот и го плаќаат сите корисници до чијшто површини има техничка можност да се обезбеди вода за наводнување

- комплексната инфраструктура на системот за наводнување - мрежа[2]. Деталната цевководна мрежа е распространета на должина од 534 km на која се поставени околу 4.000 хидранти за вода, кои не се контролираат автоматски туку мануелно од страна на сопствениците на земјоделското земјиште;



Систем за наводнување -мрежа на ЈП „Стрежево“ Битола

- системот за наводнување - мрежа опслужува голем број на земјоделски парцели со мала површина. Според мислењето на надлежните лица овој проблем може да биде надминат преку реализација на проектот - „Воведување на Национална програма за консолидација на земјиште“ кој е финансиран од Европската унија[3]. Селото Егри кое припаѓа во општина Битола е првиот проект за консолидација на земјоделско земјиште во РСМ, каде е планирано окрупнување на земјоделските парцели и нивно намалување од 874 на 260 земјишни парцели со просечна големина од 1.30 ha;
- мрежата за наводнување на терен ја контролираат 13 вработени (референти за евиденција и контрола на земјоделски површини и приклучоци за наводнување и технолошка вода, припрема на пријави и дистрибуција на сметки и наплата), но нивниот број е недоволен за да можат да го контролираат целиот регион. За делумно надминување на овој проблеми ЈП во 2021 година има набавено и воздухопловен уред – дрон кој е регистриран во Агенцијата за цивилно воздухопловство[4] и се планира во идниот период да се користи како еден од механизмите за контрола над наводнувањето.

Оваа состојба не е во согласност со член 13 ставовите 2 и 4 од Законот за јавните претпријатија, кои се однесуваат на обврските за воспоставување ефикасно работење и заштита и унапредување на добрата од општ интерес.

**Препорака**
Надлежните органи за управување и раководење да продолжат со преземените активности за целосно воспоставување на систем за контрола на

[2] Браната „Стрежево“ ги има следните придружни елементи: главен доводен канал, детална цевководна мрежа и останати хидротехнички објекти и инфраструктура кои се потребни за нормално функционирање на системот
[3] Го спроведува Организацијата за храна и земјоделство при Обединети нации (ФАО) во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ
[4] Решение за впишување на воздухоплов во регистар на воздухоплови без екипаж од 13.01.2021 година

земјоделските површини во начинот на нивно снабдување со вода, непотребно трошење на водните ресурси и целосно, точно и прецизно наплаќање на надоместокот за испорачаната вода.

4.1.2. Со член 31 од ЗЈВФК[5] пропишана е обврската на раководителот на субјектот од јавниот сектор за основање единица за внатрешна ревизија и критериумите врз основа на кои истата треба да се основа. Во наведениот член предвидено е дека, единица за внатрешна ревизија со најмалку три внатрешни ревизори и раководител се формира доколку просечниот финансиски план на субјектот во последните три години изнесувал најмалку 500 милиони денари. Иако ЈП „Стрежево“ Битола го исполнува наведениот законски критериум, ревизијата констатира дека не е предвидена и формирана единица за вршење на работите од областа на внатрешната ревизија, а систематизирано и пополнето е едно работно место - советник-внатрешен ревизор. Исто така, со Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2020 година[6] биле планирани две внатрешни ревизии, а извршена е една ревизија.

Имајќи ја во предвид значајноста и сложеноста на ЈП како правен субјект кој врши повеќе дејности од јавен интерес, не воспоставување и соодветно екипирање на единица за внатрешна ревизија, може да влијае врз работењето на претпријатието во насока на ефикасно исполнување на неговите цели и подобрување на ефективноста во процесите на управувањето со ризиците, контролата и управувањето.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење да преземат мерки и активности за воспоставување и екипирање на единица за внатрешна ревизија.

4.1.3. За дел од градежните и инфраструктурни објекти кои се составен дел на системот на наводнување – мрежа[7], ЈП „Стрежево“ Битола нема обезбедено имотни листови за регулирање на сопственоста. Во март 2017 година, ЈП поднело барање до Комисијата за спроведување на постапка за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти при МТВ за градежен објект и инфраструктурни објекти во 22 катастарски општини. Ако се земе во предвид дека системот за наводнување - мрежа се состои од 11 главни цевководи, преку кои се врши снабдување со вода на две општини Битола и Могила, утврдивме дека за околу две третини од катастарски општини, ЈП се уште нема преземено мерки за регулирање на правниот статус на голем дел инфраструктурни објекти. Оваа состојба не е во согласност со член 57 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска

[5] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 90/2009, 188/2013 и 192/2015
[6] Годишен план за извршување на внатрешна ревизија за 2020 година број 01-910/1 од 12.12.2019 година
[7] Згради, главен доводен канал, детална цевководна мрежа, нисконапонска мрежа, блиндирана трафостаница и други останати средства

сопственост и влијае на начинот на евидентирање на недвижниот имот во државна сопственост во единствената база на податоци воспоставена при Агенцијата за катастар на недвижности.

**Препорака**
Надлежните лица за раководење и управување да продолжат со преземените активности за обезбедување на имотните листови за регулирање на сопственоста на објектите со кои стопанисува ЈП „Стрежево“ Битола.

## 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1. Со увид во преземените активности за вршење попис на средствата и обврските во ЈП, пописните листи и извештаите од спроведениот попис од Централната и поединечните пописни комисии за извршениот попис со состојба 31 декември 2020 година, ревизијата го констатира следното:

- Извештајот од Централната пописна комисија не ги консолидира состојбите кои се елаборирани во извештаите на поединечните комисии како што е предвидено со Упатството за работа на комисиите за попис[8]. Исто така, извештаите од Централната и поединечните пописни комисии не ги содржат податоците кои се пропишани во член 12 од „Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот“ и тоа: прегледи на материјални и вредносни разлики меѓу фактичките и сметководствените состојби утврдени со попис, причините за разликите и забелешки и објаснувања во врска со утврдени разлики дадени од лицата кои ракуваат со средствата;
- при физичкото броење дел од материјалните средства немале соодветни кодови или други пропишани ознаки, што не е согласно член 9 став 4 од Правилникот;
- за начинот на извршување на пописот на рибите со кој стопанисува ЈП, како еден вид специфичност во неговата дејност, нема донесено посебен акт со кој истото би се регулирало, што не е во согласност со член 5 од Правилникот;
- не е спроведен попис на нематеријалните средства во износ од 2.812 илјади денари, поради што не е направено усогласување на овие средства по попис со нивната сметководствена евиденција;
- пописните листи за материјалните средства (градежни објекти и опрема) не се составени според аналитичките сметки на кои се евидентирани, во нив се утврдени фактичките количини, но не и вредносните показатели поединечно за средствата, што не е во согласност со член 10 став 5 и став 4 од Правилникот;

[8] Упатството за работа на комисиите за попис и налози за подготовки за попис на имотот, побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2020 година бр. 03-681 од 07.12.2020 година

- комисијата за попис на побарувања и обврски иако доставила извештај со констатирани состојби, не изработила посебни пописни листи за побарувањата и обврските како составен дел на пописот, што не е согласно со член 10 став 4 и член 7 став 2 од Правилникот. Исто така, пописната комисија не ја утврдила фактичка состојба на салдата преку писмени потврди доставени од страна на купувачите и добавувачите, што не е согласно со член 7 став 2 од Правилникот и
- дел од пописните листи кои се однесуваат на залихи на резервни делови, масла, риби и материјални средства не се потпишани од членовите на пописната комисија, што не е во согласност со член 11 став 10 од Правилникот.

Горенаведениот начин на вршење попис не е во согласност со член 473 од Законот за трговските друштва и истиот не обезбедува целосно усогласување на сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичка состојба утврдена со пописот, што може да имаат влијание врз реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај - Биланс на состојба на ден 31 декември како и на квалитетот на информациите кои ги дава истиот.

**Препорака**
Надлежните лица за раководење и управување да ги преземат следните мерки:
- извештаите од Централна и поединечните пописни комисии да ги содржат сите елементи кои се предвидени со Правилникот;
- вработените кои се задолжени со средствата што се попишуваат и нивните непосредни раководители пред започнување на пописот да ги преземат сите подготвителни активности меѓу кои и означување на предметите со кодови и други пропишани ознаки;
- за специфичностите во дејностите кои ги обавува, ЈП да се донесе посебен акт за начинот на вршење на попис на тие средства;
- при вршење на попис да бидат опфатени сите средства и обврски, за сите поединечно да се изготват пописни листи според аналитички сметки во сметководствената евиденција и истите да бидат потпишани од членовите на пописната комисија;
- правилен и целосен попис на побарувањата и обврските земајќи ги во предвид доставените писмени потврди од купувачите и добавувачите и
- во пописните листи покрај количините да се внесат и фактичките вредности поединечно за секое средство и обврска, како услов за усогласување на фактичката со сметководствената состојба.

4.2.2. Со состојба на 31.12.2020 година во деловните книги на ЈП „Стрежево“ Битола на сметките на залиха на суровини, материјали, резервни делови и ситен инвентар евидентиран е износ од 67.449 илјади денари. Со извршената ревизија констатиравме дека во согласност со МСС 2 – Залихи, ЈП во 2014 година има

донесено Одлука за примена на сметководствени политики[9], каде е определено набавната вредност на залихите да се води според формула на пондериран просек. Со извршената ревизија на материјалната евиденција на залихи констатиравме неправилно односно, ненавремено пресметување на пондериран просек на цени. Имено, при набавката на исти артикли по набавни цени кои се разликуваат од претходните, веднаш не се формира нова набавна вредност според формулата на пондериран просек. Поради тоа, при следното издавање на артикли на залиха наместо да се издаваат по набавна вредност која претставува нов пондериран просек истите се издаваат по последната пресметана пондерирана набавна вредност. Причината за ваквата состојба е временската разлика помеѓу приемот на артиклите во магацин, односно нивното воведување во материјалната евиденција врз основа на документ - испратница во кој не е наведена нивната набавна вредност и подоцнежното доставување на фактура од добавувачите.

Наведената состојба влијае врз реално и објективно прикажување на вредноста на залихите во материјалната евиденција, а тоа може да влијае и на позицијата залиха на суровини, материјали, резервни делови и ситен инвентар во Билансот на состојба, како и на финансискиот резултат од работењето.

**Препорака**
Надлежните лица за раководење и управување да го преиспитаат изборот на метода за вреднување на залихите и да преземат мерки за навремено и точно пресметување на вредноста на залихите во моментот на нејзиното издавање од магацин.

4.2.3. Во деловните книги и финансиските извештаи на позицијата Спорни и сомнителни побарувања на ден 31.12.2020 година искажана е состојба во вкупен износ од 74.690 илјади денари (во кои се вклучени и побарувањата од 2020 година во износ од 972 илјади денари), при што ЈП „Стрежево“ Битола за истите има направено вредносно усогласување. Евидентираните побарувања се од физички и правни лица по различни основи и истите потекнуваат од претходни години. Согласно усвоените сметководствени политики сите побарувања од комитентите кои не се наплатени во рок од 3 години или должникот е во постапка на стечај или ликвидација се пренесуваат на сметката на спорни и сомнителни побарувања. Во однос на овие побарувања Секторот општи, правни работи и човечки ресурси не располага со податоци за: старосната структура на побарувањата, за кои од нив е побарано исполнување на обврската за плаќање или надомест на штета поради неисполнување на истата, дали во законските рокови се преземени мерки за нивно утужување и дали некои од искажаните побарувања се од правни лица кои се наоѓаат во постапка на стечај или ликвидација. Поради тоа не сме во можност да потврдиме дали од страна на раководните и управните органи во

[9] Одлука за примена на одделни сметководствени политики број 02-729/6 од 28.11.2014 година

ЈП, пред побарувањата да бидат заведени како спорни и сомнителни биле преземени правни дејствија за нивна наплата или надомест на штета, како што предвидува член 251 став 1 и став 2 од Законот за облигациони односи, а со тоа и член 13 точка 4 од Законот за јавни претпријатија кој се однесува на обврска за заштита и унапредување на добрата од општ интерес. Наплатата на овие побарувања е неизвесна, особено за оние сомнителни и спорни побарувања за кои согласно Законот за облигациони односи престанало правото на ЈП да бара нивно присилно исполнување и наплатата на истите зависи исклучиво од волјата на должникот.

**Препорака**

Надлежните органи за раководење и управување со поголемо внимание да ги следат побарувањата, доспеаноста за нивна наплата и застарување, да воспостават ажурна евиденција за овие податоци, како и навремено да преземат дејствија пред надлежните судови по однос на ненаплатените побарувања од комитентите.

4.2.4. Од увидот во деловните книги на ЈП „Стрежево“ Битола констатиравме дека во периодот од 2011 до 2015 година биле примени донации во материјали и опрема во вкупен износ од 91.566 илјади денари. Подетален преглед за добиените донации е даден во Прилог бр.1 кој е составен дел на овој извештај. Поголем дел од донациите, иако биле примени, долг период не биле употребени.

За дел од добиените донации од МЗШВ, во износ од 68.722 илјади денари, ЈП нема склучено договор за примената донација, како што предвидува член 4 од Законот за донација и спонзорства. Отсуството на договор за донација не обезбедува јасни насоки за намената на донацијата, не потврдува дека истата е во согласност со дејноста на ЈП и дека има за цел да поддржи и унапреди дејност од јавен интерес. Од тие причини, дел од материјалите - цевки кои биле добиени како донација не се употребуваат од страна на ЈП се додека не се осигури конкретната намена договорена со донаторот и истите се чуваат на залиха. Истовремено, оваа состојба не е во согласност со член 472 став 4 од Законот за трговските друштва каде е уредено дека трговските книги се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи и може да влијае врз реалното искажување на податоците во финансиските извештаи.

За донациите за коишто бил склучен договор во вкупен износ од 22.844 илјади денари, на ревизијата не и беа презентирани извештаи за донации кои ЈП имало обврска да ги изготви и достави до УЈП, што не е согласно член 19 од Законот за донација и спонзорства. Не почитувањето на обврската за изготвување на извештај влијае врз известувањето, евиденцијата и контролата на донациите во јавните дејности.

**Препорака**

Надлежните лица за раководење и управување во ЈП да ги преземат следните мерки:

- да воспоставаат соработка со надлежните вработени од МЗШВ за да обезбедат конкретни податоци за намената на материјалите кои се добиени од нив како донација. Доколку има потреба од пренамена на донацијата и нејзино усогласување со потребите на ЈП, соодветно да се склучат договори и
- во идниот период при добивање на донации задолжително да ја иницираат потребата од склучување на договори за донации и навремено информирање на надлежната институција.

4.2.5. ЈП „Стрежево“ Битола е основано со Одлука[10], донесена од страна на Владата на РМ, врз основа на која со Решение[11], извршен е упис на ЈП во Основниот суд Битола со основачки влог од 8.688.409 илјади денари. Во периодот од 2001 до 2020 година, ЈП во континуитет искажува загуба од редовното работење, која се покрива на товар на капиталот (основната главнина), поради што на крајот на 2020 година истиот е намален за 79% од неговото основање и изнесува 1.824.664 илјади денари (пред покривање на загубата од 2020 година).

Од увидот во сметководствената евиденција, добиената документација и анализа на податоците за основната главнина во периодот од 2001 до 2020 година ги констатиравме следните состојби:

- Постои неусогласеност на податоците за основачкиот влог прикажани во сметководствената евиденција на ЈП со податоците од Централниот регистар на РСМ. Имено, износот на основачкиот влог на крајот на 2001 година прикажан во сметководствената евиденција на ЈП (основната главнина изнесува 6.488.422 илјади денари) е за 2.199.987 илјади денари помал од износот на основачкиот влог запишан во Централниот регистар на РСМ во истиот период. Согледувајќи ги овие разлики, во 2010 година биле преземени активности од страна на Управниот одбор, односно биле донесени одлуки[12] за да се изврши усогласување на податоците од сметководствената евиденција со тековната состојба на Централниот регистар на ден 31.12.2010 година, но истите не дале резултати.

  Со оглед дека причината за разликата не е разрешена во иницијалниот период кога основачкиот влог бил воведен како податок во основниот регистар, а потоа и во Централниот регистар на РСМ, а во текот на ревизијата не се доставени веродостојни и точни документи за износот на основачкиот влог, не сме во можност да потврдиме кои од двата износи е реален и објективен.

[10] Одлука бр.23-6635/2 од 13.11.2001 година
[11] Решение бр.1315/2001 од 19.11.2001 година
[12] Одлука за усогласување на главница со тековна состојба во Централен регистар на РМ со состојба на 31.12.2009 година бр. 02-517/2 од 28.05.2010 година
Одлука за усогласување на главница со тековна состојба во Централен регистар на РМ со состојба на 31.12.2010 година бр. 02-236/2 од 07.04.2010 година

- Во член 19 од Законот за јавните претпријатија уредено е дека Управниот одбор на ЈП одлучува за начинот на покривање на загубите, додека со член 11 од истиот закон е определено согласност на одлуката да даде основачот на ЈП, во случајот Владата на РСМ. По извршениот увид во доставените Одлуки за покривање на загубите на товар на капиталот на ЈП, констатиравме дека тие биле донесени од директорот на ЈП, при што во периодот од 2001 до 2003 година истите не биле одобрени од Управниот одбор, а за Одлуките кои биле донесени во периодот од 2001 до 2006 година не била побарана согласност од Владата на РСМ.

Наведените состојби не овозможуваат да се потврди реалноста и објективноста на искажаната состојба на основната главнина во Билансот на состојба на ден 31.12.2020 година, а влијае и на веродостојноста на информацијата за основачкиот влог на ЈП наведена во потврдата за тековната состојба, издадена врз основа на службените евиденции кои се водат во Централниот регистар на РСМ .

**Препорака**
Надлежните органи за управување и раководење во соработка со основачот-Владата на РСМ да преземат активности за усогласување на состојбата со основачкиот влог прикажана во сметководствената евиденција на ЈП и истата заведена во Централниот регистар.

4.2.6. Во 2020 година евидентирани се трошоци во износ од 133.298 илјади денари за бруто плати на вработените кои во ЈП имаат статус на административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно технички лица. Висината на платите за вработените кои имаат статус на административни службеници се уредени со Глава XIV од Законот за административни службеници, додека за лицата кои имаат статус на даватели на јавни услуги и помошно технички лица отсуствуваат законски одредби со кој би се уредил начинот на пресметување на платите. За овие категории на вработени согласно член 25 од Законот за вработените во јавниот сектор оставена е можност висината на платите и други прашања од работниот однос да се уредат со општите прописи за работни односи и колективни договори.

Со извршениот увид во склучените договори за вработување и доставената документација за пресметка и исплата на плата и надоместоци на плата ревизијата ги утврди следните состојби:

- Согласно член 42 од Статутот[13] на ЈП „Стрежево“ Битола меѓу другото предвидено е донесување на Правилник за плати, надоместоци на плати и други примања, кој до денот на вршење на ревизијата не е донесен.

[13] Член 42 Статут на ЈП „Стрежево“-Битола број 02-457/2 од 20.07.2015 година

- За вработените во ЈП кои имаат статус на административни службеници не се применуваат утврдените бодови за пресметка на плата согласно член 87 од Законот за административни службеници. Со одредбите од овој закон, предвидено е дека платата на административни службеници е составена од основна компонента (дел на плата за образование, дел на плата за ниво и дел на плата за стаж) и исклучителна компонента (додаток за работа во смени, прекувремена работа, работа во посебни услови, ноќна работа). Делот на платата кој се однесува на степен на образование и ниво на работно место треба да се вреднува согласно законски утврдените бодови. Во ЈП за оваа категорија на вработени платата се пресметува врз основа на бодови утврдени во склучените договори за вработување кои не соодветствуваат со одредбите од член 87 од Законот за административни службеници. Исто така, со извршениот увид во начинот на пресметка на платата за административните службеници, утврдивме дека кај дел од нив во договорите за вработување постои различно вреднување, односно определени се различен број на бодови за плата и покрај тоа што вработените имаат ист степен на образование и ниво на работно место.
- За вработените со статус на даватели на јавни услуги и помошно технички лица не е донесен акт за утврдување на бројот на бодовите за пресметката на плата согласно систематизираните работни места, при што истите се утврдуваат во склучените договори за секој вработен поединечно. Наведената состојба остава можност за исто работно место да постои разлики во пресметувањето на висината на платите.

Наведените состојби укажуваат на несоодветна примена на законските прописи со кои се регулира начинот на пресметка и исплата на плата и надоместоци на плата, што има влијание врз точноста на пресметката и висината на исплатените плати на вработените.

**Препорака**
Надлежните органи за раководење и управување да преземат мерки и активности за:
- донесување Правилник за плати, надоместоци на плати и други примања;
- доследно применување на законски утврдените бодови за пресметка на плата за административни службеници и
- утврдување на бодови за пресметка на платата на вработените лица кои имаат статус на даватели на јавни услуги и вработените кои вршат технички и помошни работи.

4.2.7. Во 2020 година, ЈП „Стрежево“ Битола остварило приходи од наплата на надомест за испорачана количина на вода за индустриски потреби во износ од 126.289 илјади денари (без вклучен ДДВ), кои претставуваат 56% од вкупно остварениот приход на претпријатието. Имено, во јануари 2017 година ЈП

склучило договор со АД за производство на електрична енергија во државна сопственост, за снабдување со 12.000.000 $m^3$ сурова вода, без претходен третман, годишно. Со увид во деловните книги констатиравме дека, ЈП за наплатата на овој приход до корисникот на услугата доставува месечна излезна фактура во фиксен износ на количина на вода (1.000.000 $m^3$), без при тоа да се приложи дополнителна документација со кој се потврдува испорачаната количина на вода. Анализирајќи го склучениот договор утврдивме дека со неговите одредби не е регулиран начинот на вршење на квантитативната контрола, односно начинот на мерење на количината на испорачана вода, што не е случај со другите договори врз основа на кој ЈП остварува приход (по основ на наводнување, испорачана вода за водоснабдување и за индустриски потреби).

Отсуството на одредби во договорот за следење на количината на испорачана вода не е во согласност со член 472 став 3 од Законот за трговските друштва со кој е пропишано дека сите податоци регистрирани во трговските книги мора да бидат целосни и комплетирани. Исто така оваа состојба не е уредена согласно Стандардот за внатрешна контрола во јавниот сектор број 10 – „Следење на извршувањето“ и претставува ризик за реалноста, точноста и целосноста на остварените приходи по овој основ во финансискиот извештај – Биланс на успех.

**Препорака**

Надлежните лица за раководење и управување да преземат мерки за дополнување на склучениот договор за снабдување сурова вода, со одредби кои ќе го регулираат начинот на вршење на квантитативна контрола на испорачаната вода.

### 4.3. Користење на средствата согласно законски прописи

4.3.1. Со извршениот увид во деловните книги на ЈП „Стрежево“ Битола констатиравме дека на сметката материјални средства во подготовка евидентиран е износ од 2.825 илјади денари, кој се однесува на исплатени средства во 2014 и 2015 година за изработка на документација - проект за санација на свлечишта и ревизија на техничка документација, вршење на надзор на геотехнички работи и рецензија на елаборати на истражни работи. Наведените документи се од особена важност за ЈП бидејќи истите требало да послужат за санација на ерозивни промени на земјиштето околу главниот доводен канал, кој е неопходно редовно да се одржува. Оваа проектна документација во изминатиот период не била употребена за санација на свлечишта, а причините за ваквиот начин на постапување не и беа образложени на ревизијата. Истовремено, стручните вработени укажаа на неизвесност од нивна идна примена, имајќи во предвид дека е изминат подолг период од 5 години откако се изработени.

Оваа состојба не е во согласност член 13 од Законот за јавните претпријатија односно ЈП не овозможило заштита и унапредување на добрата од општ интерес што може да влијае на неговото ефикасно работење и безбедност.

**Препорака**
Раководното лице да преземе активности за:

- обезбедување стручно мислење од компетентни институции за утврдување на употребната вредност на проектните документи за санација на свлечишта со кои располага ЈП и
- навремена превенција и санација на постојните свлечишта.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.1.,4.2. и 4.3., кои се основ за изразување мислење, се:

- не е воспоставен целосен систем за контрола на начинот на кој корисниците ја трошат водата за наводнување на земјоделските површини;
- не е воспоставена единица за внатрешна ревизија;
- за дел од објектите кои се составен дел на системот на наводнување – мрежа, не е регулирана имотната сопственост;
- нецелосно спроведен пописот на средствата и обврските на крајот на годината;
- несоодветна примена на сметководствената политика за вреднување на залихите при нивното издавање;
- отсуство на податоци за преземените мерки за наплата на спорните и сомнителни побарувања;
- не се склучени договори за добиените донации со донаторот;
- недоследности во начинот на пресметка на платата за административните службеници, даватели на јавни услуги и вработените кои вршат технички и помошни работи;
- слабости во начинот на контрола при остварувањето на приходи од наплата на надомест за испорачана количина на вода за индустриски потреби и
- неупотребена проектна документација за санација на ерозивни промени на земјиштето околу главниот доводен канал.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавното претпријатие „Стрежево“ Битола на ден 31 декември 2020 година, како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.1. и 4.3., активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното претпријатие „Стрежево“ Битола, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Од извршените споредбени анализи во периодот 2015 – 2020 година на сметката залиха на резервни делови за системот на наводнување - мрежа констатиравме дека на крајот на 2020 година истата бележи зголемување за 73%. Имено, на почетокот на 2020 година прикажано е почетна состојба во износ од 29.712 илјади денари, додека на крајот на година состојбата на оваа сметка е 51.501 илјади денари, што не е случај со претходните години. Во прилог е табеларен преглед кој ја прикажува состојбата на залихата во тој период:




На ревизијата не и беа презентирани докази за начинот на кој се планирале потребите од набавка на резервните делови, определување на нивните количини, причината за нивното континуирано нарачување, без при тоа да се има предвид залихата со која се располага, временската рамка во која таа се троши и динамиката на спроведување на активностите.

Одговорните лица образложија дека зголемените залихи на резервни делови во текот на 2020 година се поради планирани активности за реконструкција на системот на наводнување – мрежа, кои не се реализирале во континуитет

поради потребата од временско прилагодување на работните активности за реконструкција со сезонскиот период на функционирање на системот за наводнување (од 20-ти мај до 8-ми октомври). Дополнителна причина за одложување на оваа активност е и пандемијата предизвикана со појавата на КОВИД - 19 вирусот, поради што дел од вработените биле отсутни од работа.

Укажуваме на потребата за оптимално планирање на залихата на резервни делови, бидејќи нивното формирање има влијание врз ликвидноста на ЈП. Истовремено укажуваме дека доколку подолг период овие залихи не се користат може да доведе до намалување на нивната употребна вредност.



Залиха на цевки - теренски увид во ЈП „Стрежево“ Битола

6.2. Ревизијата смета за потребно да даде осврт на остварените резултати од финансиското работење на ЈП „Стрежево“ Битола во последните 10 години, за кои во континуитет искажува загуба.




Преку графичкиот приказ на сликовит начин е презентирано влијанието на износот на пресметаната амортизација врз финансискиот резултат од работењето. Доколку во вкупните расходи не се земе во предвид трошокот по основ на пресметана амортизација, ЈП прикажува позитивен финансиски резултат - добивка. Имајќи во предвид дека ЈП за вршење на својата дејност

располага со материјалните и нематеријалните средства кои се со значителни вредности, а согласно МСС за истите се пресметува амортизација, состојбата во однос на искажаниот резултат од работење и натаму ќе остане непроменета, иако претпријатието е ликвидно и редовно ги подмирува своите обврски.
За да се случат промени кои би влијаеле на намалување на загубата, потребно е во законската регулатива, при утврдување на основата за надоместокот за наводнување, да бидат вклучени и трошоците за амортизација. Поради тоа, ревизијата укажува на потребата од внимателно разгледување на сите аспекти кои влијаат врз определување на висината на надоместокот за наводнување, при донесување на Методологијата за утврдување на надоместокот во идниот период (подетално образложено во точка 7.1. од ревизорскиот извештај).

6.3. Сметаме за потребно да ја истакнеме судската постапка кој се уште е во тек и неизвесно е како истата ќе заврши, што може да предизвика и значителен одлив на финансиски средства на ЈП. Имено, во јуни 2015 година, поднесена е тужба поради неисполнети обврски, од правен субјект (тужител) со кој ЈП „Стрежево“ Битола (тужен) имал склучено договор за снабдување со вода за наводнување, што според наведеното во тужбата предизвикало кај тужителот намалено производство во вкупен износ од 61.379 илјади денари. Во 2016 година донесена е пресуда од Основен суд Битола во корист на тужителот која е обжалена од ЈП и од Апелационен суд во Битола со Решение во 2017 година е укината, по што предметот повторно е вратен на првостепениот суд на повторно судење. Во јуни 2021 година, односно за време на вршење на ревизијата, одговорните лица информираа дека последниот исход од оваа постапка е во корист на ЈП односно донесена е Пресуда од Основен суд во Битола со која тужбеното барање на тужителот за исплата на штета се одбива како неосновано. На оваа пресуда тужителот има право на жалба до Апелационен суд во Битола во рок од 8 дена по приемот на истата, поради што се уште не е извесен исходот од постапката.

6.4. Начинот на искористување и заштитата на водите од штетни влијанија се уредени со Законот за водите[14]. Согласно одредбите од наведениот закон[15] водата наменета за консумирање од страна на човекот се заштитува преку воспоставување и одржување на потесна зона и една или повеќе пошироки заштитни зони. Основната задача на заштитните зони е заштита од потенцијални загадувачи во пошироката околина и преземање на соодветни заштитни мерки со цел да се сочува квалитетот на водата. Дефинирањето на границите и бројот на заштитните зони зависи од повеќе фактори кои можат да влијаат на квалитетот на водата како што се: геоморфолошките, геолошките и хидрогеолошките карактеристики на средината, урбанизација, стопански активности и други фактори кои се последица на дејноста на

[14] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08....... 52/16)
[15] Член 96,97,98,99 и 100 од Закон за водите

човекот.

ЈП „Стрежево“ Битола со Одлуки[16] од 1986 година и 1989 година има воспоставено заштитни зони на зафатот од акумулацијата „Стрежево“ и тоа: потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор), широка заштитна зона (зона на санитарно ограничување) и поширока заштитна зона (зона на хигиенско и епидемиолошко следење и набљудување).

Во оваа насока ревизијата смета за потребно да истакне дека од донесувањето на наведените одлуки за определување на границите на заштитните зони на акумулацијата „Стрежево“ се изминати повеќе од 30 години што создава ризик условите кои влијаат врз определување на големината и обликот на заштитните зони значително да се променат. Поради наведеното сметаме дека постои потреба од преиспитување на можните настанати промени во заштитните зони кои можат неповолно да влијаат врз состојбата на водата и врз основа на тоа преиспитување, односно редефинирање на утврдените заштитни зони.

6.5. Хидросистемите составени од брани и водени акумулации како клучни објекти на водостопанската инфраструктура се од посебен интерес и значење за државата, но истовремено претставуваат и најголем потенцијален извор за предизвикување опасност и причинување на огромни материјални штети. Поради постоењето на вакви опасности правните субјекти корисници и управувачи на браните класифицирани согласно законските одредби[17] како посебен интерес за државата, имаат обврска секоја година да изготвуваат „Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на браните со придружните објекти и акумулациите и за стабилноста на теренот околу браните, придружните објекти и акумулациите“. Изработените годишни елаборати согласно членот 198 од Законот за водите треба да се доставуваат на одобрување до МЖСПП – Управа за животна средина, по претходно писмено мислење од Комисијата за брани. Позитивната оценка на елаборатите претставува потврда за сигурноста и квалитетот во одржувањето на хидротехничките објекти (брани).

Браната “Стрежево” со која управува истоименото јавно претпријатие е од особено значење и интерес за државата. Со изградбата на браната е формиран акумулационен простор кој овозможува: снабдување на ЈП “Водовод” – Битола со сирова вода наменета за пиење, обезбедување на потребните количини на

---

[16] Одлука за воспоставување и одржување на заштитни зони и определување на услови за обработка на земјиштето, изградба и користење на објекти и вршење на други дејствија во заштитните зони на сливовите на реките: Кишавска, Граешка, Остречка, Злокуќанска, Ореовска, Буковска, Сапунцица, Стара Бука, Лак Поток, Црвена река и сливното подрачје на акумулацијата "Стрежево" ("Службен гласник" на Општина Битола број 16 од 11.06.1986 година и број 08 од 03.05.1989 година)

[17] Член 195 став 2 од Закон за водите

вода за наводнување во Пелагонскиот регион, вода за индустриските капацитети и истовремено претставува заштита од поплави.

Имајќи ги во предвид законските одредби и значајноста на браната „Стрежево“, сметаме за потребно да истакнеме дека ЈП редовно ги доставува елаборатите за стабилноста и функционалноста на браната, но притоа не добива писмен документ со кој се потврдува дека истите се одобрени од МЖСПП – Управа за животна средина, по претходно писмено мислење од Комисијата за брани.

Во оваа насока сметаме за потребно да укажеме дека е особено значајно МЖСПП – Управа за животна средина во координација со Комисијата за брани во иднина да превземат активности за доставување на писмен/и документ/и во кој врз основа на добиените елаборати ќе ги известат за оценката во однос на стабилноста и сигурноста на браната и евентуално потребата од нејзина санација. Наведеното е особено значајно заради спречување на несакани хаварии со сериозни последици.

6.6. Обрнуваме внимание дека во 2020 година преку КОВИД програмата за поддршка на работењето на јавните комунални претпријатија членки на Здружението на комунални дејности при Стопанската Комора на Македонија[18], доделени се средства на ЈП „Стрежево“- Битола во износ од 3.626 илјади денари. Средствата се обезбедени од Буџетот на РСМ како еднократна финансиска помош со цел надминување на тешката материјална состојба на вработените во јавните комунални претпријатијата. Согласно донесените Одлуки од Управниот[19] и Надзорниот[20] одбор ЈП овие средства ги искористило за исплата на еднократна финансиска помош на сите вработени во висина од 14 илјади денари во бруто износ. Во текот на 2020 година, а во врска со пандемијата Ковид 19 истакнуваме дека ЈП со цел заштита на вработените од вирусот има спроведено постапка со преговарање без објавување на оглас за набавка на средства за дезинфекција, заштитни маски и медицински ракавици и за тоа има склучено договор во износ од 124 илјади денари.

## 7. Останати прашања

7.1. ЈП „Стрежево“ Битола во 2020 година остварува приходи во вкупен износ од 214.271 илјади денари, при што на следниот графикон сликовито се претставени приходите кои ЈП ги остварува по сите основи:

[18]Нацрт - записник од 32 седница на Влада на РСМ од 22.10.2020 година
[19] Одлука на Управен одбор број 02-732/2 од 31.12.2020
[20]Одлука на Надзорен одбор број 02-731/2 од 31.12.2020




*Други приходи: бифе, работа со градежни машини, испорачана технолошка вода, влезници за риболов, услуги во рибарница, карти за ски лифт и монтирање приклучок за вода

Од увидот во законската регулатива, доставената документација и начинот на којшто ЈП ги остварува приходите, утврдивме дека:

- Висината на надоместокот за наводнување не е утврден на начин кој што е предвиден со член 29 став 2 од Законот за водоснабдување, бидејќи Владата на РСМ на предлог на МЗШВ нема усвоено Методологија за утврдување на надоместок. Согласно член 31 од истиот закон надоместокот за наводнување кој се наплаќа од правни и физички лица, сопственици и/или корисници на земјоделско земјиште се состои од два дела: годишен надоместок и надоместок за испорачана количина на вода за површини кои се наводнуваат[21]. Во отсуство на Методологија, ЈП за висината на наплата на надоместокот има извршено пресметки за што има донесено интерни акти[22] во 2007 и 2014 година. Во истите е уредено дека надоместокот за наводнување ќе се плаќа согласно утврдени

[21]Годишен надоместок - износ на трошоци за тековно годишно одржување на системот и Надоместок за испорачана количина на вода за површини кои се наводнуваат - трошоци според волумен на потрошената или претходно утврдена количина на вода испорачана до корисниците

[22] Методологија и пресметка за годишен надоместок и надоместок за испорачана количина на вода на ЈП Стрежево Битола на која е дадена согласност од Влада на РМ бр. 19-3740/1 до 31 јули 2007 година, Службен весник на РМ бр. 100/2007 и Пресметка на годишен надоместок и надоместок за испорачана количина на вода за 2014 година, Ценовник за водостопански услуги 2014 година бр.02-474/1 од 16.07.2014 година, Одлука за давање согласност на ценовникот за водостопански услуги 2014 година објавена во Службен весник на РМ бр.116/2014

цени за нето норми ($m^3$/ha)[23] по видови култури кои се одгледуваат на земјоделските површини покриени со системот на наводнување - мрежата на ЈП. Во содржината на Финансискиот план на ЈП за 2020 година овие пресметки се опфатени во вид на прегледи и ценовници[24]. Анализата на информациите содржани во овие акти со кои се уредува висината на надоместокот покажува дека во периодот 2014-2020 година нема промена на висината на цената, но за дел од културите има промена во нето нормите ($m^3$/ha) кои имаат влијание врз конечната цена за испорачана вода. Наведеното упатува на тоа дека иако се сменети економските услови за работа и присутно е влијанието на климатските промени кои ја зголемуваат потребата од количество на вода за наводнување, промената на висината на цената/надоместоците се минимални, поради што укажуваме на потребата од преиспитување на нивната висина и утврдување на цени кои ќе бидат прифатливи за давателот на услугата и корисниците.

- Во член 213 од Законот за водите предвидена е обврска за плаќање на надоместок за користење на вода која треба да се пресметува како процент од утврдени цени, кои не се јасно дефинирани и истиот во определен рок треба да го уплаќа на посебна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка. Врз основа на овој член ЈП има обврска да пресметува и наплаќа надоместок по три основи кога водата ја користи:
  - да ги снабдува корисниците со вода за наводнување,
  - за производство на електрична енергија и
  - за одгледување на риби.

  Од анализата на законската регулатива и нејзината имплементација констатиравме дека:
  - ЈП има обврска да пресметува и наплаќа надоместок за користење на вода за наводнување во износ од 2% од утврдена цена за $m^3$ вода на давателот на услугата. Имајќи го во предвид член 31 од Закон за водостопанство (елабориран во претходната алинеја) каде е дефиниран надоместокот за наводнување како целина од два дела (годишен надоместок и надоместок од испорачана количина вода) се појавува дилема во однос на основицата која треба да биде употребена при пресметка на надоместокот за користење на вода. Во услови кога законските одредби не се прецизни ЈП во своето работење при пресметка на надоместокот го зема во предвид само надоместокот за испорачана количина на вода, без годишниот надоместок.

[23] Нето нормата преставува потребното количество на вода за наводнување на одредена земјоделска култура која се одгледува
[24] Преглед на планирани површини под култури кои би се наводнувале во 2020 година, Ценовник за извршување на водостопански услуги во 2020 година за земјоделие – правни лица и останати водокорисници, Ценовник за извршување на водостопански услуги во 2020 година за земјоделие – индивидуален сектор и останати водокорисници

- Висината на надоместокот за користење на водата при производство на електрична енергија во законот за водите е определена да биде во износ од 1% од производствената цена на еден киловат час струја на прагот на електраната кај хидроелектричните централи, но истиот не дава прецизна дефиниција за начинот на кој ќе се утврдува производствената цена. Во отсуство на ваква одредба ЈП го пресметува и наплаќа овој надоместок, по продажна цена утврдена за електрична енергија[25].

Наведените законски слабости оневозможуваат реално и објективно да се пресмета износ на надоместокот за наводнување и надоместокот за користење на вода, поради што ревизијата укажува на потребата од прецизно и целосно уредување на законската и подзаконската регулатива од оваа област.

7.2. Организацијата на пазарот на електрична енергија, условите и правилата за производство, продажба и тргување со истата се пропишани со Законот за енергетика[26] и Правилата за пазар на електрична енергија[27]. Пазарот на електрична енергија е систем за купување и продавање на електрична енергија и се состои од:

- пазар со билатерални договори кои можат да бидат регулирани или нерегулирани;
- организиран пазар и тоа пазар ден однапред и пазар во тековниот ден и
- пазар на балансна енергија.

Купувањето и продавањето на електрична енергија и моќност се прави со склучување на регулирани и нерегулирани билатерални договори, при што регулираните билатерални договори содржат регулирани цени и тарифи кои се одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика. Учесниците на пазарот со регулирани билатерални договори се определени во член 58 од Правилата за пазар на електрична енергија каде меѓу останатите припаѓаат и повластените производители на електрична енергија[28]. Со либерализацијата на пазарот овозможено е купопродажбата на електрична енергија да се врши на отворен пазар со склучување на нерегулирани билатерални договори помеѓу

[25] Продажна цена - цена добиена по јавен повик за хидроцентралите кои се немаат стекнато својство на повластен производител или цени добиени согласно тарифите од Регулаторна комисија за енергетика за хидроцентралите кои се повластени производители

[26] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/2019

[27] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/2018 година и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 279/2019

[28] Учесници на пазарот со регулирани билатерални договори се: производителот на електрична енергија на кој во лиценцата му е утврдена обврска да обезбеди јавна услуга, повластените производители на електрична енергија, снабдувачот во краен случај и операторот на пазарот на електрична енергија за купување и продавање на произведената електрична енергија од повластен производител на електрична енергија. Повластен производител на електрична енергија е производител на електрична енергија од обновливи извори којшто користи една од мерките за поддршка утврдени со Законот за енергетика.

купувачите и продавачите со слобода во договарањето за формирање на цените и условите за плаќање.

ЈП „Стрежево“ Битола, со цел искористување на хидроенергетскиот потенцијал на водите има изградено пет мали хидроцентрали за производство на електрична енергија и тоа: ХЕЦ „Експлоатационен минимум“,ХЕЦ „Филтерница“, ХЕЦ „Довлеџик“, ХЕЦ „Стрежево“ и ХЕЦ „Биолошки минимум“. На пазарот на електрична енергија учествува склучувајќи регулирани и нерегуларни билатерални договори.

Од извршениот увид во доставената документација за производство и продажба на електрична енергија утврдивме дека ЈП има стекнато статус на повластен производител на електрична енергија за три хидроцентрали: ХЕЦ „Експлоатационен минимум“[29], ХЕЦ „Филтерница“[30] и ХЕЦ „Довлеџик“[31]. Продажбата на електричната енергија од наведените хидроцентрали се врши по повластена тарифа и единствено кон Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје. За хидроцентралите ХЕЦ „Стрежево” и ХЕЦ „Биолошки минимум”, ЈП нема статус на повластен производител и продажбата на произведената електрична енергија ја врши преку објавување на јавен повик за позитивно наддавање на претходно утврдена почетна цена, која во случајот е 3,05/ kWh без ДДВ. Истата е утврдена со Одлука на Управен одбор и е формирана врз основа на движењето на пазар на електрична енергија. Не оспорувајќи го начинот на којшто ЈП ја врши продажбата на електричната енергија произведена преку двете хидроцентрали за кои ЈП нема стекнато статус повластен производител, ревизијата ја истакнува потребата од уредување на постапката за јавно позитивно наддавање преку донесување посебен интерен акт, со цел овозможување на целосна транспарентност и конкурентност во начинот на продажба на електричната енергија во иднина.

7.3. Основањето, организацијата, условите и начинот на вршење на дејноста на ЈП кои се основани од Владата се уредени со Законот за јавните претпријатија. Органи на ЈП согласно законот се: управен одбор, надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење и директор. Членовите во управните и надзорните одбори на ЈП ги именува основачот, односно Владата на РСМ, со мандат не подолг од четири години. Работата на ЈП ја раководи директор кој има заменик што го заменува и го води тековното работење на претпријатието во

[29] Решение за стекнување на статус на повластен производител за ХЕЦ „Експлоатационен минимум “ број УП1 бр. 08-288/14 од 31.12.2014 година со важност до 31.12.2034 година и Одлука за користење на повластена тарифа за ХЕЦ „Експлоатационен минимум “ бр. 08-289/14 од 31.12.2014 година

[30] Решение за стекнување на статус на повластен производител за ХЕЦ „Филтерница“ број УП1 бр. 08-111/19 од 15.11. 2019 година со важност до 22.11.2029 година и Одлука за користење на повластена тарифа за ХЕЦ „Филтерница“ број УП1 бр. 08-112/19 од 15.11.2019 година

[31] Решение за стекнување на статус на повластен производител за ХЕЦ „ Довлеџик“ број УП1 бр. 08-114/19 од 15.11. 2019 година со важност до 22.11.2029 година и Одлука за користење на повластена тарифа за ХЕЦ „Довлеџик“ број УП1 бр. 08-115/19 од 15.11.2019 година

негово отсуство.

Ревизијата смета за потребно да истакне дека во постојната законската регулатива која го уредува работењето на ЈП основани од Владата на РСМ, отсуствуваат одредби за одредување на висината на надоместокот на членовите на управните и надзорните одбори, како и за платата на директорот и заменик на директорот, што може да влијае на несоодветна исплата на надоместоци и плати на оваа категорија на функционери.

Во ЈП „Стрежево“ Битола правата и обврските од работен однос на директорот и заменик директорот на претпријатието се уредени во склучување на договори, а пресметката на плата се врши врз основа на коефициенти утврдени со одлуки на управниот одбор[32]. Висината на месечниот надоместок на претседателот, заменик на претседателот и членовите на надзорниот и управниот одбор е утврден со одлука донесена од страна на управниот одбор на претпријатието при што износот на надоместокот е усогласен со износите за месечен паушал определени во Записник на Влада на РМ број 42-17/129 од 22.12.2015 година.

Според информациите на ревизијата во предлог измените и дополнувања на законот за јавните претпријатија кои се уште не се усвоени, предвидени се дополнителни одредби со кои ќе биде уредена висината на надоместокот за членовите на управниот и надзорниот одбор, но се уште не се преземени конкретни мерки и иницијативи за надминување на наведената состојба која се однесува за директорот и заменик директорот.

Поради горенаведеното ревизијата ги нагласува овие прашања и смета дека е потребно да се продолжи со преземените активности за доуредување на законската регулатива во однос на утврдување на наведените слабости.

7.4. Ревизијата смета за потребно да истакне дека во месец март 2021 година со Одлука на Управниот одбор[33] назначен е в.д. заменик директор на ЈП за период од 6 месеци. Именувањето на в.д. заменик директор е извршено по претходно добиена препорака од Влада на РСМ[34], без објава на јавен оглас. Во членот 19-а од Законот за јавните претпријатија пропишано е изборот на заменик директор да се врши со објава на јавен конкурс во кој ќе бидат наведени податоци за условите кои треба да ги исполнуваат кандидатите, потребната документација и времетраењето на конкурсот. Согласно наведениот член од законот предвидено е дека доколку на директор на ЈП му истече мандатот, а по распишан конкурс не се избере нов директор, Управниот одбор, именува вршител на должноста директор до именување на директор по распишан конкурс. Наведената законска одредба упатува дека категоријата вршител на должност е предвидена само за функцијата директор на ЈП, а не и за заменик

[32] Одлука за утврдување на коефициентот на платата на директорот број 02-616/3-1 од 17.11.2014 година и Одлука за назначување на заменик директор и определување на бодови за плата број 02-227/2 од 08.03.2021

[33] Одлука Управен одбор број 02-227/2 од 08.03.2021 година

[34] Извадок од Нацрт-записник од 44 седница на Владата на РСМ од 09.02.2021 број 40-17/44 од 09.02.2021 година

директор. Земајќи го во предвид горенаведеното, а неоспорувајќи ја улогата на заменик директор, ревизијата смета дека е потребно доуредување на законската регулатива во овој дел со цел да се избегне ограничувачкото и негативно влијание врз транспарентноста во постапката за селекција и избор на заменик директор.

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2020 ГОДИНА

000 денари

| **Опис на позицијата** | **Образло жение** | **2020** | **2019** |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 214.562 | 220.901 |
| Останати приходи | 3.2. | 10.116 | 9.075 |
| Капитализирано сопствено производство и услуги | 3.3. | 786 | 770 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **225.464** | **230.746** |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.4. | 28.260 | 28.354 |
| Трошоци за услуги | 3.5. | 6.088 | 8.916 |
| Плата, надоместоци од плата и останати трошоци за вработените | 3.6. | 143.586 | 133.462 |
| Трошоци за амортизација | 3.7. | 268.997 | 269.930 |
| Останати трошоци од работењето | 3.8. | 11.326 | 10.828 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на не тековни и тековни средства | 3.9. | 1.021 | 1.352 |
| Резервирања за трошоци и ризици | | 0 | 6.000 |
| Останати расходи | 3.10. | 4.231 | 5.296 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **463.509** | **464.138** |
| **Финансиски приходи** | 3.11. | **3.313** | **12.381** |
| **Финансиски расходи** | 3.12. | **818** | **5** |
| **Загуба** | 3.13. | **(235.550)** | **(221.016)** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ 2020 ГОДИНА

000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1. | 79.020 | 96.296 |
| Побарувања од купувачи | 4.2. | 76.195 | 66.978 |
| Побарувања за дадени аванси | 4.3. | 1 | 1 |
| Побарувања од вработените | 4.4. | 23 | 44 |
| АВР | 4.5. | 3.430 | 3.419 |
| Залихи | 4.6. | 67.449 | 47.142 |
| Аванси за материја. и не материја. вложувања | 4.7. | 18 | 18 |
| **Вкупно тековни средства** | | **226.136** | **213.898** |
| **Не тековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.8. | 2.812 | 2.812 |
| Материјални средства | 4.9. | 1.469.564 | 1.714.197 |
| Вложувања во недвижности | 4.10. | 6.093 | 6.468 |
| Долгорочни финансиски средства | 4.11. | 9 | 9 |
| **Вкупно не тековни средства** | | **1.478.478** | **1.723.486** |
| **Вкупна актива** | | **1.704.614** | **1.937.384** |
| **Вонбилансна евиденција активни сметки** | 4.12. | **2.325** | **600** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.13. | 17.275 | 14.134 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.14. | 2 | 1 |
| Краткороч. обвр. за даноц, придон. и др. давач. | 4.15. | 3.024 | 3.342 |
| Обврски спрема вработените | 4.16. | 7.016 | 3.870 |
| Остан. краткороч. обврски и краткороч. резерви. | 4.17. | 193 | 68 |
| ПВР | 4.18. | 74.388 | 76.963 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **101.898** | **98.378** |
| **Не тековни обврски** | | | |
| Долгорочни резервирања | 4.19. | 12.000 | 12.000 |
| Долгорочни обврски | 4.20. | 1.602 | 2.342 |
| **Вкупно не тековни обврски** | | **13.602** | **14.342** |
| **Главнина и резерви** | | | |
| Основна главнина - запишан и уплатен капитал | 4.21. | 1.824.664 | 2.045.680 |
| Пренесена загуба | | 0 | 221.016 |
| Загуба од тековната година | 4.22. | 235.550 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1.589.114** | **1.824.664** |
| **Вкупна пасива** | | **1.704.614** | **1.937.384** |
| **Вонбилансна евиденција пасивни сметки** | 4.23. | **2.325** | **600** |

## ПРЕГЛЕД ЗА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНАТА/КАПИТАЛОТ

000 денари

| О П И С | Основна главнина - запишан и уплатен капитал | Пренесена загуба | Добивка од тековната година | Загуба од тековната година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2020 година** | **2.045.680** | **221.016** | | | **1.824.664** |
| Загуба за деловна година | | | | 235.550 | **235.550** |
| Покривање на загубата на товар на капиталот | 221.016 | (221.016) | | | - |
| **Состојба 31.12.2020 година** | **1.824.664** | **-** | **-** | **235.550** | **1.589.114** |

## ИЗВЕШТАЈ
## за парични текови по директна метода за 2020 година

| Ред.бр | Опис | Износ | Вкупно |
|---|---|---|---|
| I | **Парични текови од оперативни активности** | | |
| 1 | Готовина и наплатени побарувања | 239.700 | |
| 2 | Наплатена камата и други приходи | 4.739 | |
| | **Паричен прилив од оперативни активности** | | **244.439** |
| 3 | Плаќање на добавувачите | (85.365) | |
| 4 | Плаќање на други оперативни активности | (6.024) | |
| 5 | Плаќање на даноци и надоместоци | (21.405) | |
| 6 | Плаќање на вработени со даноци и придонеси | (140.144) | |
| | **Паричен одлив од оперативни активности** | | **(252.938)** |
| | **Нето парични текови од оперативни активности** | | **(8.499)** |
| II | **Парични текови од вложувачки активности** | | |
| 1 | Плаќање за набавка на опрема | (8.777) | |
| | Нето парични текови од вложувачки активности | | (8.777) |
| III | **Нето зголемување на парите и паричните еквиваленти** | | **(17.276)** |
| IV | **Пари и парични еквиваленти на почетокот на годината** | | **96.296** |
| V | **Пари и парични еквиваленти на крајот на годината** | | **79.020** |